

Мизрахи: Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе поднесе закон за измена и надополна на Законот за здруженија и фондации со што ќе се спречи идно формирање и може да се реагира на веќе постоечките регистрирани здруженија

Пред дваесет и две години на третата конференција за холокаустот во Стокхолм поточно во 2000 година, барањето на Република Бугарија да биде прогласена за земја праведник – земја која ги заштитила Евреите од депортација, беше одбиено од учесниците на конференцијата со образложение дека монархофастичкиот режим во Бугарија предводен од Цар Борис III и владата на Богдан Филов изврши депортација на 11.363 Евреи од Македонија, Тракија и југоисточните делови на Србија.

Како што знаете, Македонија во текот на втората светска војна загуби 7.144 Евреи од Македонија кои беа депортирани од бугарската фашистичка војска, во логорот на смртта - Треблинка од каде никој не се врати. Во нивен спомен обележје во Скопје е изграден меморијален центар кој воедно е и единствениот сефардски меморијален центар во светот. Официјалната документација, која ја раскажува вистината за овие

случувања во време на Втората светска војна, се наоѓа во самиот меморијален центар, меѓутоа и во Вашингтонскиот меморијален центар како и Јад Вашем во Израел и се јавно достапни.

Во последниве две години, на политичката сцена во Македонија и Бугарија, за жал се повидливи стануваат актерите кои се залагаат за ревидирање на историјата, историските факти што меѓу останатото резултира со обиди за  искривување на вистината за холокаустот на Евреите од Македонија.

Секако ова е во целосна контрадикторност со резолуцијата на Обединетите Нации за спречувањето на негирање на холокаустот од 20 јануари 2022 како и дефиницијата на ихра  која е усвоена од Европската комисија.

Само еден елемент на овој процес е отворање на т.н. “културни центри“ со називи на контроверзни историски личности и фашисти, како што е Цар Борис III, кои имале директно учество во геноцидот на Евреите од Македонија.

Би сакала да нагласам дека Евреите од Македонија се дел од европското семејство и ваквите процеси, за мене, а верувам и за сите вас се неприфатливи и претставуваат повеќе од сериозна провокација.

Почитувани, ова што се случува е силување на македонскиот народ, неговото антифашистичко минато преку наметнување на вредности на третиот рајх затскриени преку злоупотребата на европската ѕвезда.

Ова не се европски вредности.

Затоа, уште денес на овие процеси мора да се стави крај.

По, Ванчо Михајлов и Цар Борис III, неспорно е дека ќе продолжат обидите за

ревидирање на историјата на Македонија и претставување на окупаторите како ослободители.